Министерство за финансии
Адреса: Даме Груев 12
Скопје, Република Северна Македонија
Предмет: Доставување на надлежност и постапување
Врска: Барање за пристап до информации од слободен каракте од 4.5.2022г

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, доставено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх.бр.46-3879/1 од 4.5.2022г., со кое е побарана следната информација од јавен карактер:

- Копија од усвоената Информација на Комитетот за преговри за склучување на Договор за градење на коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар — Букојачани и проектот за автопатот Требеништа - Струга кафасан) и Коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп — Битола); целокупната пропратна документација во врска со Информацијата и усвоените одлуки, задол>кенија и упатства од страна на Владата поврзани со исгата.
- Дали Министерството за финансии номинира членови на тимот за експропријација? Доколку да, Ве молиме да ни доставите листа на номинирани членови.
- Дали ЈП за државни патишта предложи 5 члена на тимот кој Ке преговара со стратешкиот партнер за изведба на работите? Доколку да, Ве молиме да ни доставите листа на предложените членови.
- Дали ЈП за државни патишта номинира членови на тимот на проектната единица? Доколку да, Ве молиме да ни доставите листа на номинираните членови.

Генералниот секретаријат го разгледа предметното барање и Ви го доставува на надлежност и понатамошно постапување како имателиі на бараната информација, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19) и тоа:

Министерството за финансии, за делот од барањето кој се однесува за номинација на членови на тимот за експропријација и ЈП за државни патишта, за делот од барањето кој се однесува за номинација на 5 члена на тимот кој Ке преговара со стратешкиот партнер за изведба на работите и номинација на членови на тимот на проектната единица.